ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 68

Скопје, 28.02.2019 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од обласста на политички науки на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука донесена на седницата 1-2019 на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје (УАКС), определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на политичките науки на Факултетот за политички науки при УАКС.

Конкурсот за овој избор беше објавен во „Независен весник“ на 8 февруари 2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. *вонреден професор д-р Стево Пендаровски.*

Заедно со биографијата, кандидатот има доставено уверенија и дипломи за предходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при УАКС да му го поднесеме следниот

И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Д-р Стево Пендаровски е роден на 3. 4. 1963 година. Основно училиште и гимназија завршил во Скопје, а дипломирал на Правниот факултет во Скопје, на правосудна насока, во 1987 година. Во периодот 1988-1990 година работел како адвокатски приправник во неколку адвокатски канцеларии во Скопје, а на почетокот на 1992 година се вработил во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Во рамките на министерството бил помошник-министер за внатрешни работи и началник на Управата за аналитика и истражување. Во периодот 2001-2004 година бил советник за национална безбедност, а во периодот 2005-2009 година советник за надворешна политика на претседателот на Република Македонија. Во 2004/5 бил претседател на Државната изборна комисија.

На Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје магистрирал на тема „Новата геополитика на Република Македонија: контрадикциите на комунистичките и транзициони матрици“, а докторирал на одделот за политички науки на истиот институт на тема „Надворешната и безбедносна политика на ЕУ и малите држави: рамката на националниот дискурс“.

### *Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност*

Во јануари 2008 година д-р Стево Пендаровски е избран за доцент, а во 2012 година е избран за вонреден професор на Факултетот за политички науки на УАКС. Од 2008 година до денес, на додипломските и постдипломските студии на УАКС предава повеќе предмети на студентските групи по македонски

и по англиски јазик: Меѓународна безбедност; Глобализација, светска политика и САД; Меѓународни организации и институции; Надворешна политика, Современи политички системи; Меѓународно јавно право; Меѓународно приватно право; Вовед во политика; вовед во меѓународна политика.

Д-р Стево Пендаровски во изминатите пет години бил ментор на единаесет (11) магистерски трудови, член на три (3) комисии за одбрана на магистерски трудови и член на четири (4) комисии за одбрана на специјалистички трудови. Во споменатиот временски период учествувал на пет меѓународни конференции и бил рецензент и член на програмскиот одбор на традиционалната меѓународната конференција за европски интеграции организирана од УАКС.

Д-р Стево Пендаровски е автор на рецензирана монографска публикација од областа на политичките науки:

- Пендаровски, С. (2018). *Поглед кон внатре.* Скопје: УАКС.

Во рецензираниот период д-р Стево Пендаровски ги има објавено следните седум (7) трудови во меѓународни рецензирани референтни публикации (една приредена монографска публикација од 2017 година и шест зборници на трудови од меѓународни конференции, кои се индексирани на базата Ebsco):

- Pendarovski, S. & Sapuric, Z. (2013). EU Crisis and the Western Balkans: Enlargement Unaffected. In Dodovski, I., Pendarovski, S. & Petrovska, I. (Eds.) (2013). *Out of the Crisis: EU Economic and Social Policies Reconsidered. S*kopje: UACS, pp. 101-119.
- Sapurik, Z., Andonov, M. & Pendarovski, S. (2014). The Challenges to the New Perspectives of New European Union Regional Policy Legislation. In Dodovski, I., Hudson, R., Stefanovska, M. & Pendarovski, S. (Eds.) (2014). *The Europe of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated.* Skopje: UACS, pp. 45-61.
- Pendarovski, S., Pachovski, V. & Andonov, M. (2015). The Promise of E-Democracy and Internet: Myths about Digital Agoras. In Dodovski, I., Hudson, R., Stefanovska, M. & Pendarovski, S. (Eds.). (2015). *European Integration – New Prospects.* Skopje: UACS, pp. 133-153.
- Pendarovski, S. (2015). Electoral Authoritarianism at the End of Transition in the Western Balkans. In Milovanovic, Z. & Dodovski, I. (Eds.) (2015). *Thucydides vs. Kant in Out Time: Reconsidering the Concepts of War and Peace.* Skopje: UACS, pp. 73-88.
- Pendarovski, S. (2016). Fault Lines of Political Culture in Europe: Vibrant Legacies from the Past. In Hudson, C. R., Dodovski, I. & Andeva, M. (Eds.) (2016). *Borders: Imagined or Real. S*kopje: UACS, pp. 127-136.
- Pendarovski, S., Dodovski, I. & Andeva, M. (2017). Fearing endless demands and learning to negotiate the change: Minority representation in the Republic of Macedonia. In Vizi, B., Tóth, N. & Dobos, E. (Eds.) *Beyond International Conditionality: Local Variations of Minority Representation in Central and South-Eastern Europe*. Baden-Baden: Nomos, pp. 161-186.

- Pendarovski, S. (2018). The Balkan Playground: Eastern "Soft" Power Coming: Western Not Leaving. In Hudson, C. R., Dodovski, I. & Andeva, M. (Eds.) (2018). *Europe and the Balkans*. Skopje: UACS, pp. 139-148.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на вонреден професор д-р Стево Пендаровски, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон пошироката област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира.

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оцени дека д-р Стево Пендаровски ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што има чест на Наставно-научниот совет да му предложи д-р Стево Пендаровски да биде избран во звањето редовен професор по група предмети од областа на политичките науки на Факултет за политички науки при УАКС.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Злат Миловановиќ с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Зоран Шапуриќ с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Роберт Хадсон с.р.
Универзитет Дарби, Велика Британија
и визитинг професор на Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323